РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 31-1204/5
02-07-2025 20 год.viti

Трговско градежно транспортно производно и услужно друштво
ЕРСЕ - КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 03-4/25
03.07 2025 год
М. Речица ТЕТОВО

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22, 129/23, 253/23, 147/24 и 49/25), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – варовник на Трговско, градежно, транспортно, производно и услужно друштво ЕРСЕ-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз М.Речица, Тетово на локалитетот „Краста" с. Вруток, општина Гостивар бр.50-5344/13 од 24 јуни 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија бр.130/25) и членот 3 од Договор за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста" с.Вруток, општина Гостивар бр.24-5548/1 од 13.11.2014 година

1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
застапувана од Министерот за енергетика, рударство и минерални суровини
Сања Божиновска
(во натамошниот текст: концедент)
и
2. Трговско, градежно, транспортно, производно и услужно друштво ЕРСЕ-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз М.Речица, Тетово
со адреса: 172 ББ Мала Речица, Тетово, Република Северна Македонија
застапувано од лицето Исра Деари
(во натамошниот текст: концесионер)

на ден _________ 2025 година во Скопје, склучија:

# АНЕКС
# НА ДОГОВОР ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА - ВАРОВНИК НА ЛОКАЛИТЕТОТ „КРАСТА" С.ВРУТОК, ОПШТИНА ГОСТИВАР

## Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста" с.Вруток, општина Гостивар бр.24-5548/1 од 13.11.2014 година, членот 3 се менува и гласи:

„Член 3"

Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 2 на овој договор се продолжува за период од 20 (дваесет) години.

**Член 2**

Како почеток на важење на продолжувањето на концесијата од членот 1 од овој анекс на Договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на Договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во (7) седум еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста" с.Вруток, општина Гостивар бр.24-5548/1 од 13.11.2014 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на локалитетот „Краста" с.Вруток, општина Гостивар бр.24-5548/1 од 13.11.2014 година остануваат во сила, непроменети.

| | |
|---|---|
| За Концедентот<br>ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА<br>СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА,<br>РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ<br>СУРОВИНИ<br>**Сања Божиновска** | За Концесионер<br>ТРГОВСКО, ГРАДЕЖНО, ТРАНСПОРТНО,<br>ПРОИЗВОДНО И УСЛУЖНО ДРУШТВО<br>ЕРСЕ-КОМЕРЦ ДООЕЛ увоз-извоз<br>М.РЕЧИЦА, ТЕТОВО<br>**Исра Деари** |

Изработил: Neim Qamili
Контролирал: Кика Шпритова
m-r Jeton Kuçi
Проверил: Филип Петровски
Одобрил: Горан Јовановски